# ТУБЕРКУЛОЗАТА Е:

- хронична заразна болест
- предизвикана од бактерија (Кохов бацил)
- најчесто бактеријата (се наоѓа) во белите дробови (80-85%), иако може да заболи секој орган или ткиво на човечкиот организам

# НА КАКОВ НАЧИН МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСЕ:

**Преку воздух: седење во иста просторија со заболен од туберкулоза (верема / офтика),** при кашлање, кивање, плукање

***Доколку се најдеш во близина на човек болен од туберкулоза, може да ги вдишеш бактериите, кои болниот ги исфрлил во воздухот. На таков начин може да се инфицираш ( заразиш) со туберкулозните бактерии.***

# И ШТО ПОТОА?

- Здрав организам најчесто успешно се бори со бактериите и тие останувaат под контрола, во скриена (латентна) форма.
- Кај 5-10% од инфицираните (заразените ) лица, болеста може да се јави после неколку години поради состојбата на организмот (имунитетот) и факторите (причинителите) на околината.
- Ако отпорноста на организмот е слаба, тогаш инфекцијата преминува во болест.

# КОЈ МОЖЕ ДА ЗАБОЛИ ОД ТУБЕРКУЛОЗА?

**Но, лица кај кои постои поголем ризик се:**

- Лица кои биле во непосреден контакт со болен од туберкулоза (членови на семејство, особено децата)
- Лицата што живеат со ХИВ
- Лица кои живеат во затворени колективи (заедници) (бегалци, затвореници, лица во психијатриски одделенија)
- Корисници на алкохол и дрога /пушачи на никотин-цигари
- Лица кои живеат во многу лоши услови со минимални материјални средства под границата на сиромаштија
- Хронично болни со намален имунитет, каде не постои можност за спречување на болеста (дијабетичри (шеќераши) , болни со долготрајна кортикотерапија( терапија по стадиуми) болни од малигни (рак) (туморни) заболувања).

# СИМПТОМИ:

- Кашлица или поткашлување, кое трае подолго од 3 недели
- Искашлување на крвав секрет ( крв)
- Болка во градите (плуќата)
- Покачена телесна температура (околу 37-38 степени) проследена со треска и потење
- Намален апетит и губење телесна тежина

**Ако ги препознаеш овие симптоми, задолжително посети го својот лекар и побарај лекарска помош. Немој да го одложуваш прегледот, зошто колку порано се открие болеста и се започне со лекување – толку побрзо ќе бидеш излекуван.**

# КАКО СЕ ОТКРИВА?

- рендгенска снимка на белите дробови, (плуќата)
- испитување на секрет(плунка) за присуство на туберкулозни бактерии,
- лабораториска анализа на твојата крв
- други дијагностички постапки (испитувања)

**Откривањето и лекувањето на туберкулозата се врши во диспанзерите и болниците за белодробни заболувања и туберкулоза кои постојат (ги има) во повеќе градови на Република Македонија.**

# ДАЛИ ТБ СЕ ЛЕКУВА?

Со навремено откривање на болеста и со примена на ефикасни лекови –антитуберкулотици, болеста успешно се лекува во 90% од случаите. Но од особена (голема) важност е да се земаат сите препишани лекови доволно (долго и редовно) шест или повеќе месеци, без да се пропушти ниту една доза.

**Во Македонија лекувањето на сите случаи со туберкулоза е бесплатно (без пари).**

# ЗАШТИТА:

- Доколку си во контакт со лице со туберколоза, потребно е да носиш маска за заштита на устата и носните отвори, истото треба да го направи и болниот.
- Секогаш биди барем на еден метар растојание(одалеченост) од лицето со туберкулоза
- Биди внимателен, помести се ( тргни се) настарана ако лице со туберкулоза кашла
- Редовно проветрувај (отвори прозорорец) ја просторијата во која се наоѓа лице со туберкулоза
- БЦГ- вакцинацијата е важна превентивна мерка против болеста и овозможува заштита од тешки малигни форми на туберкулоза во детска возраст. Заштитата со БЦГ-вакцината не е апсолутна – и вакцинираните лица можат да заболат од туберкулоза. Во нашата земја оваа вакцина е задолжителна.
- Здравствена едукација на населението, на лицата со туберкулоза и на нивните семејства

**Најдобра превентивна мерка е раното откривање и успешното лекување на секој болен од туберкулоза.**